**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11- 3761/3
Датум:26.05.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на водоводна мрежа и фекална канализација за објект на ул."Бриселска" бр.18А , Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 17.05.2022 година изврши увид на лице место на ул." Бриселска" бр.18А по барање на Фатмир Меџити со седиште на ул."Бриселска" бр.18А , Скопје за изведба на приклучок на водоводна мрежа и фекална канализација.

Постапувајки по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.31379 за времен фекален приклучок и решение бр.31380 за времен водоводен приклучок издадени од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараните приклучоци.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична фекална канализациона мрежа (Ф=200 мм) со профил на фекален приклучок Ф=150 мм во должина од 8м.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична водоводна мрежа (Ф=100 мм) со профил на водоводен приклучок Ф=100 мм во должина од 8м.

За горе наведените приклучоци по решенијата за времен приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот со попречен прекоп на асфалтна подлога(5м) на ул."Бриселска" бр.18А и прекоп на тротоар од бекатонска подлога (3м) .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 17.700,00 денари со вклучено ДДВ, за прекоп на подлога од павер елементи да уплати износ од 425,00 денари со вклучено ДДВ , вкупно да уплати износ од 18.125,00 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во првобитна состојба. Подлогата по положување на цевките да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11 д=5см и ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новата фекална инсталација и водоводна мрежа, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Соња Крајничанец

Љубомир Тодевски

Ивана Стојановски